Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р. М.“, број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М “ број 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), член 20-д став (1) од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на Р. М.„ број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл. весник на Р. С. М.“ број 143/2019 и 14/2020) , Директорот на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, донесе

Јавно претпријатие за комунални работи
КОМУНАЛЕЦ
Бр. 04-1138/8
01.07. 2025 год.
КАВАДАРЦИ

# О Д Л У К А

**За невршење избор на кандидат по јавен оглас**
**за вработување на административен службеник**

I. Во врска со јавен оглас бр.431/2025 за вработување на административни службеници во ЈП ,,Комуналец,, Кавадарци, објавен на 06.06.2025 година на веб страницата на Агенцијата за администравија како и во дневните весници “Слободен Печат ”, “Вечер”, и “Коха”, за работното место со шифра УПР 01 02 Г01 056 Самостоен реферeнт за пресметка на плата , во Одделение за сметководство во Сектор за за финансиско и комерцијално работење …....... (1) извршител,

**НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР НА КАНДИДАТ.**

II. Одлуката за невршење избор се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во член 38 од Законот за административни службеници („Сл. весник на Р. М.“, број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, и 11/2018 и „Сл. весник на Р.С.М “ број 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), предвидена е постапка за вработување на административни службеници врз основа на објавен јавен оглас.

Врз основа на објавениот јавен оглас бр.431/2025 за вработување на административни службеници во ЈП Комуналец Кавадарци, објавен на веб страницата на Агенцијата за администравија како и во дневните весници “Слободен печат ”, “Вечер”, и “Коха”, за работно место Самостоен референт за пресметка на плата во Одделение за сметководство во Сектор за финансиско и комерцијално работење ……..... (1) извршител, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со решение бр.10-1175/5 од 24.06.2025 година ја спроведе постапката за вработување на административни службеници која се состои од фаза на административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојност на докази и интервју.

Согласно, записникот од административна селекција бр.10-1175/6 од 27.06.2025 година, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас констатирала дека на огласот за горенаведеното работно место нема пријавено уредни кандидати (со комплетна потребна документација ) .

Согласно горенаведеното, Директорот на ЈП ,,Комуналец,, Кавадарци одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против одлуката за неизбор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изработил :Горан Митевски
Контролирал: Вања Поп Динова
Одобрил:Роска Спанџова Клинчарова

Јавно претпријатие за комунални работи
КОМУНАЛЕЦ
Кавадарци
1

ЈП,,Комуналец,, Кавадарци
Д и р е к т о р ,
Гоце Ангеловски